ТД Макотекс АД
Бр. 02-0201-98
27.06.2014 година
Скопје

**ЗАПИСНИК**
**од Собрание на акционери на Трговско друштво МАКОТЕКС експорт-импорт АД Скопје**

Собранието на акционери се одржа на ден 27 јуни 2014 година, со почеток во 13 часот, во просториите на друштвото на ул. Никола Парапунов бр. 41 Скопје.

Седницата ја отвори досегашниот претседавач Орхидеја Затаtраковска која истакна дека Седницата на собранието е свикана согласно на начин определен со член 387 од Законот за Трговски Друштва со Оглас објавен во дневниот весник Утрински весник од 05.06.2014 година и на веб страната на друштвото. На Собранието на акционери според верификуваниот список присуствуваа акционери и лица полномошници на акционери со број на акции кои даваат право на 44034 гласа од вкупно 82817 обични акции кои даваат право на глас.

Претседавачот објави дека Собранието има потребен кворум за работа, истото полноважно може да донесува Одлуки согласно Законот за Трговски Друштва и член 57 од Статутот на Друштвото. Претседавачот на Собранието го предложи на усвојување следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

Процедурален дел :

1. Пријавување и евиденција за присуство на Собранието.
2. Избор на Верификациона комисија.
3. Избор на Претседавач на Собранието.
4. Избор на записничар и заверувачи на записникот.
5. Извештај за верификација на акционери-учесници на Собранието.

Работен дел :

1. Предлог-Годишен извештај за работата на друштвото за 2013 година
2. Предлог-Годишна сметка (Финансиски извештај) на друштвото за 2013 година.
3. Предлог-Одлука за покривање на загуба на друштвото.
4. Одобрување на работата на членовите на Одборот на директори и на водењето на работењето со друштвото за 2013 година.
5. Избор на овластен ревизор, за ревизија на годишната сметка на друштвото за 2014 година.

По првата точка од процедуралниот дел **Пријавување и евиденција за присуство на Собранието** по пријавувањето на акционерите беше констатирано дека присутни се 44034 обични акции со право на глас од вкупно 82817 обични акции со

право на глас, при што се констатира дека постои кворум за работа на акционерското собрание.

Се премина на втората точка од процедуралниот дел

**Избор на Верификациона комисија.**
Претседавачот на Собранието Орхидеја Затарковска за членови на верификацината комисија ги предложи :
Лилјана Јанкуловска, Гаврилова Снежана и Роза Божиновска.

Предлогот беше ставен на гласање и по пребројувањето на гласовите се констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА гласаа 44034 обични акции со право на глас, против нема, возджани нема, по што Собранието ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на верификациона комисија**

Се избира верификациона комисија во состав:

1. Снежана Гаврилова
2. Лилјана Јанкуловска
3. Роза Божиновска

Се премина на третата точка на дневниот ред:

**Избор на Претседавач на Собранието.**

Елизабета Костовска за претседавач на Собранието ја предложи Затараковска Орхидеја.

Предлогот беше ставен на гласање и по пребројувањето на гласовите се констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА гласаа 44034 обични акции со право на глас, против нема, воздржани нема, по што Собранието ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на претседавач на Собрание**

1. За Претседавач на Собранието на акционери се избира Орхидеја Затараковска.

Се премина кон четвртата точка од дневниот ред:

**Избор на записничар и заверувачи на записникот**.

Претседавачот на Собранието за записничар ја предложи Роза Божиновска, а за заверувачи на записник Лилјана Јанкуловска и Снежана Гаврилова.

Предлогот беше ставен на гласање и по пребројувањето на гласовите се констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА гласаа 44034 обични акции со право на глас, против нема, воздржани нема, по што Собранието ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на записничар и заверувачи на записник**

1. За записничар за водење на записник од Собранието на акционери се избира Божиновска Роза.
2. За заверувачи на записникот се избираат Јанкуловска Лилјана и Гаврилова Снежана.

Се премина на петата точка на дневниот ред:

**Извештај за верификација на акционери-учесници на Собранието.**

Потврдено е дека се присутни 44034 обични акции со право на глас при што Верификационата Комисија констатираше дека има кворум Акционерското Собрание да отпочне со работа, при што **се** премина на првата точка од

РАБОТНИОТ ДЕЛ :

**Предлог-Годишен извештај за работата на друштвото за 2013 година.**

По однос на првата точка збор зеде акционерот и Главенен извршен директор и член на Одбор на директори Драгољуб Бундалески. Дамјан Горшоски праша за објектите во Лагадин и Миравци во каква состојба се и нивната искористеност.

Драгољуб Бундалески одговори дека тие објекти се изградени пред 60 години, кровот на магацините во Миравци се сеуште со азбестни плочи кои стврараат многу проблеми. Хотелот во Лагадин е доста стар објект и според законот не исполнува услови за категоризација во смисла дека кујната нема хасап стандарди и др. За плажата се плака концесија за користење, а во хотелот треба многу да се вложи, но и факт е дека туризмот во Охрид не се развива и дека сезоната е многу кратка.

По образложување на првата точка , од Дневниот ред истата беше ставена на гласање и по пребројувањето на гласовите се констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА гласаа 44034 обични акции со право на глас, против нема, возджани нема, по што Собранието ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за одобрување на годишниот извештај за работата на Трговското друштво Макотекс експорт-импорт АД - Скопје**

1. Се одобрува годишниот извештај за работата на Трговското друштво Макотекс експорт-импорт АД - Скопје за 2013 година.

2. Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работата на Трговското друштво Макотекс експорт-импорт АД - Скопје за 2013 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Се премина на втората точка на дневниот ред**:**

**Предлог-Годишна сметка (Финансиски извештај) на друштвото за 2012 година**
Претседавач на Собранието по изнесувањето на независното ревизорско мислење**,** оваа точка ја стави на гласање и по пребројувањето на гласовите се констатира дека предлогот едногласно е усвоен. ЗА гласаа 44034 обични акции со

право на глас, против нема, возджани нема, по што Собранието ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за одобрување на годишната сметка и финансискиот извештај на друштвото за 2013 година со независно ревизорско мислење**

1. Се одобрува годишната сметка и финансискиот извештај на Трговското друштво Макотекс експорт-импорт АД - Скопје за 2013 година со:

- Остварени приходи .............................. 17.287.670,00
- Остварени расходи ............................... 26.586.560,00
- Загуба пред оданочување .................... 9.298.889,00
- Данок од добивка /2013/...................... 114.692,00
- Загуба за финансиска година ............... 9.413.581,00

2. Составен дел на оваа одлука се годишната сметка и финансискиот извештај на Трговското друштво Макотекс експорт-импорт АД - Скопје за 2013 година.

3. Годишната сметка, финансискиот извештај и мислењето на овластениот ревизор, Трговското друштво Макотекс експорт-импорт АД - Скопје има обврска да ги објави во “Службен весник на РМ” во рок од 15 дена од денот на донесувањето на оваа одлука.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавачот премина кон третата точка од Дневниот ред:

**Предлог-Одлука за покривање на загуба на друштвото**

Предлогот беше ставен на гласање и по пребројувањето на гласовите се констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА гласаа 44034 обични акции со право на глас, против нема, возджани нема, по што Собранието ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за покривање на загуба на Трговското друштво Макотекс експорт-импорт АД Скопје за 2013 година**

1. Загубата за финансиската 2013 година во износ од 9.413.581,00 денари се пренесува во акумулирана загуба, која изнесува 326.148.436,00 денари.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавачот премина кон четвртата точка од Дневниот ред

**Одобрување на работата на членовите на Одборот на директори и на водењето на работењето со друштвото за 2013 година.**

Предлогот беше ставен на гласање и по пребројувањето на гласовите се констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА гласаа 44034 обични акции со

право на глас, против нема, возджани нема, по што Собранието ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Трговското друштво Макотекс експорт-импорт АД Скопје**

1. Се одобрува работата на членовите на Одборот на директори и на водењето на работењето со Трговското друштво Макотекс експорт-импорт АД Скопје за 2013 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавачот премина кон петата точка од Дневниот ред;

**Избор на овластен ревизор, за ревизија на годишната сметка на друштвото за 2014 година.**

Претседавачот на Собранието истакна дека по објавениот оглас за избор на овлстен ревизор за 2014 година добиена е понуда од ревизорската кука МУР СТИВЕНС ДОО Скопје, и предложи за истата да се гласа.
По пребројувањето на гласовите се констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА гласаа 44034 обични акции со право на глас, против нема, возджани нема, по што Собранието ја донесе следна:

**О Д Л У К А**
**за избор на овластен ревизор**

1. За овластен ревизор за ревизија на годишната сметка на Трговското друштво Макотекс експорт-импорт АД Скопје за 2014 година се избира МУР СТИВЕНС ДОО Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

По исцрпување на сите точки од Дневниот ред претседавачот го затвори Собранието на акционери.

Седницата на Собранието заврши во 14 (четиринаесет ) часот.

Записничар: Божиновска Роза | Претседавач

Заверувачи на записник: | со седница на Собранието

Јанкуловска Лилјана | Затараковска Орхидеја

Гаврилова Снежана